Зејгам Азизов

НАСЛОВИТЕ КАКО ХИЕРОГЛИФСКИ ЗАПИСИ

Zeigam Azizov HEADLINES AS HIEROGLYPHIC SCRIPTS

Зејгам Азизов

НАСЛОВИТЕ КАКО ХИЕРОГЛИФСКИ ЗАПИСИ

Едиција: „Словенски Орфеј“

Зејгам Азизов
Насловите како хиероглифски записи

Наслов на оригиналот:
Zeigam Azizov
Headlines as Hieroglyphic Scripts
(2019)

Издавач:
Здружение за култура и уметност
АСТЕРФЕСТ ФИЛМ ФЕСТИВАЛ
Струмица

Седиште на издавачот:
Струмица

Година на издавање:
2024

За издавачот:
Горан Тренчовски

Уредник:
Софија Тренчовска

Превод од англиски:
Татјана Дуганова

Лектура:
Виолета Танчева-Златева

Компјутерска обработка и дизајн на корицата:
Лука Тренчовски

Печат:
Печатница „Графоден“, Скопје

Тираж:
100 примероци

© Сите права за ова издание се заштитени со закон. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на авторот или издавачот.

© Zeigam Azizov, “Headlines as Hieroglyphic Scripts”, Venice, 2019.

Фотографијата на задната корица е фрагмент од портретот на Зејгам Азизов на предавање во лондонскиот Тејт модерн, направена од Сара Раза во 2006 година.

Зејгам Азизов

НАСЛОВИТЕ КАКО ХИЕРОГЛИФСКИ ЗАПИСИ

2024

СОДРЖИНА

За авторот 7

About the author 9

Зејгам Азизов: НАСЛОВИТЕ КАКО ХИЕРОГЛИФСКИ ЗАПИСИ 11

Zeigam Azizov: HEADLINES AS HIEROGLYPHIC SCRIPTS 43

Софија Тренчовска: НАМЕСТО ПОГОВОР..... 71

За авторот

ЗЕЈГАМ АЗИЗОВ е филозоф и уметник кој живее во Лондон. Неговото творештво се осврнува на глобалната состојба на сликите и нивната можност да ја реартикулираат критичката положба на уметникот низ прашања за времето, сликата и наративните процедури на глобализацијата со јазиците на миграцијата, медиумите и новиот мимезис. Ги изложувал своите дела низ целиот свет, меѓу другите, вклучувајќи ги и најновите: Венециското биенале (Азербејџански павилјон, 2019, 2011 и главната изложба на Венециското биенале во 2003 година – Станица Утопија), Тејт модерн, Лондон, ОК (2006), Уметнички дом, Минхен, Германија (2004), Грачко здружение за уметност, Грац, Австрија (2002) и ТН Проуб, Токио, Јапонија (2001). Неговите публикации ги вклучуваат и *Миграсофија: миграција + филозофија*, Уметнички центар Мараја (2011), *Време на сликата*, Херберт вон Халем Верлаг (2020), *Ноомимезис: политичката економија на бесмисленият знак*, Брил (2024).

About the author

ZEIGAM AZIZOV is a philosopher and artist based in London. His work addresses the global state of images and their possibility to re-articulate the critical position of the artist through questions of time, image and the narrative procedures of globalisation with the languages of migration, media and the new mimesis. He exhibited his work worldwide, including most recently: the Venice Biennale (Azerbaijan pavilion, 2019, 2011 and the main exhibition of the Venice Biennale, 2003 (Utopia Station)), Tate Modern, London, UK (2006), Haus der Kunst, Munich, Germany (2004), Grazer Kunstverein, Graz, Austria (2002), and TN Probe, Tokyo, Japan (2001) among others. His publications include *Migrasophia: Migration+Philosophy*, Maraya Art Centre, 2011, *The Time of the Image*, Herbert von Halem Verlag, 2020, *Noomimesis: The Political Economy of the Meaningless Sign,* Brill, 2024.

Зејгам Азизов

Насловите како хиероглифски записи

Овој текст првично беше напишан како дел од мојата мултимедијална инсталација подготвена за Биеналето во Венеција, во 2019 година[1]. Осмислено како есејска инсталација, тоа дело се состоеше од два филма, текст на sид и слики од „социјалните медиуми“ во врска со ширењето слики, што внесува забуна во светот преплавен од слики од медиумите и од наслови на вести кои се клучот за разбирањето.

Тој клуч игра улога со две острици; за луѓето кои знаат да читаат меѓу редови отвора ново значење, а за други функционира само како дел од информацијата. Сепак, информациите се формула за знаењето. Насловите се хиероглифски записи. Фразата „хиероглифски запис“ е усвоена од Адорно, кој ја дефинира на следниов начин:

> Како слика, тој пиктографски јазик е медиумот на регресија во кој продуцентот и потрошувачот се во дослух; како - пишување, тоа ги поместува архаичните

[1] За повеќе информации, видете на: www.zeigamazizov.com

слики на модерноста.[2]

Кои се тие „архаични слики на модерноста“? Тие слики се сфаќаат како материјали и може да се разберат од повеќе аспекти. Подолу ќе објаснам како овие „архаични слики“ како материјали даваат можност да се чита меѓу редови и да не доминира информацискиот флукс создаден од вестите. Информациите се сметаат за формула на знаењето, како што веќе беше спомнато погоре. Таа идеја е суштината на целиот проект, вклучувајќи ја и инсталацијава.

Во таа смисла, *Наслови итн.* е уметнички/филозофски одговор на хиперреалната глобална хистерија создадена од медиумската индустрија, а која се одвива насекаде, и на ТВ, и на Интернет, и на кино, и брзо заменува сè што е „реално“ со „виртуелно“. Тоа е и пионерско дело во жанрот на есеистичка инсталација, жанрот најсоодветен за епохата на бескрајни преводи.

Користејќи го, во голема мера, есејот како форма (текстуална и визуелна), ова дело се осврнува на медиумската доминација и на комплексната врска меѓу сликите и

[2] Т. В. Адорно, „Шемата на масовната култура“, во *Културната индустрија*, Рутлеџ, 1991.

времето преку наративна процедура, односно преку приказни за создавање слики, што се чини дека повеќе ја мотивира културната индустрија одошто самите слики. Тука е вклучено парадигматско проучување на лингвистичките структури, како што се морфологијата и семиотиката, како и глобалната трансформација на јазиците во рамките на индустриската темпорализација на свеста и на меморијата. Фатени при ненадејната појава на конфронтирачките граници меѓу визуелното и текстуалното, насловите играат улога на фармакологија, отровен лек, истовремено перејќи мозоци и отворајќи очи.

Распослана на пет sида, потсетувајќи на отворените коцки на Сол Левит, оваа аудио-визуелно-текстуална инсталација е заснована врз мешавина од идеи од филозофијата, уметноста и киното. Вести, разменета е-пошта и коментари ставени се еднододруго за да се добие филмско сценарио и споени се како филм и лично емитување, за да се создаде драматургија на темата.

Тука спаѓаат повикувањата на филмот *Граѓанинот Кејн* на Орсон Велс и стилот на хипертекст на Џејмс Џојс, кој се состои од вкрстени упатувања, неологизми, како и од филозофски и научни поими, каква што е „нејасната логика“ на азербејџанскиот научник Лутфи А. Заде. Инсталацијата

содржи и саундтрак кој вклучува дело од бакујскиот композитор Исфар Сарабски и специјално нарачано дело од лондонскиот музичар и филозоф Метју Хајланд.

Читање на насловите: наративните процедури на глобалните медиуми

Секое утро Хегел читал весници и подоцна ги применувал на својата сложена филозофија низ призмата на најнови наслови на предавањата. Коментирајќи го тоа, Хегел има напишано:

> Читањето на утринскиот весник е утринска молитва на реалистот. Човек го ориентира својот став кон светот или според Бога или според она што е светот. Првото дава сигурност колку и второто, затоа што секое знае што претставува тоа.[3]

[3] Г. В. Ф. Хегел, *Разни текстови*, Northwestern University Press, Евансон, 2000.

Тој ја сфатил улогата на вестите како силно екстернализирана колективна меморија преку стереотипите што станаа заедничка култура со влијание врз „поединецот“.

Размислувањето за дијалектичкиот однос на филозофијата кон насловите на вестите во деветнаесеттиот век и набљудувањето на нивното влијание врз популарната свест во ерата на глобализираните медиуми, упатува на прашањето: каква улога можат да имаат насловите во процесот на формирање знаење кај луѓето? Овде тврдам дека насловите функционираат семиотички врз одреден начин на информирање преку праќање и примање пораки. Овој процес на праќање и примање предизвикува одредена ентропија, додека значењето на информациите е отворено за примачот и на тој начин игра улога во формирањето. Тоа се случува преку различно „читање“ на насловите.

Во растечката медиумска индустрија, информациите создаваат милје кое постои како убедлив простор за пренос. За некои, тоа е тотално убедливо такво какво што е, земајќи ги здраво за готово сите информации, додека други го перципираат тоа милје како критички простор што го создава ентропскиот временски објект. Тоа се случува со видно преиспитување на улогата на знаењето и информациите како единица мерка за знаење. Нејасната природа на јазикот е таа

што води до појава на информациите. Насловите се состојат од семантички нецелосни реченици и таа нецелосност е главната појдовна точка за понатамошно читање при кодирање/декодирање на вестите. На критички начин создаден од работата на неодамнешната теорија на културата, под зборот „читање“ мислам не само на:

> капацитетот да се идентификуваат и декодираат одреден број знаци, туку и на субјективниот капацитет да се стават во креативна поврзаност меѓу себе и со други знаци: капацитет кој е, сам по себе, услов за комплетна свесност за целокупното опкружување.[4]

За разлика од некои тековни тенденции во филозофијата, сметам и дека секое филозофско дело треба да почнува од дискурзивниот елемент (и покрај тоа што е корелациски) за да се открие значењето во контаминираниот терен на употребата на јазикот.[5] Филозофијата, од

---

[4] Стјуарт Хол, „Кодирање/Декодирање“, во: *Медиумски студии: Читател* (редактирано од Пол Морис и Сју Торнам), Edinburg University Press, Единбург, 1996, стр. 58.

[5] Иако мислам дека појавата на новиот дискурс во филозофијата, имено „спекулативниот реализам“ (особено делото на Кентен Мејасу, кој го отфрла дискурсот затоа што е „корелациски“), е важен обид да се обнови ставот на филозофијата, не се согласувам дека тоа е напуштање на дискурсот и улогата што јазикот ја игра во политичките стратегии, какви што се феминизмот или деколонизацијата, во два примера само, севкупно да има „директен пристап до работите“. Овој „наивен реализам“ ја намалува милитантната улога на филозофијата и културната теорија. Меѓутоа интересно е тоа што Мејасу, откако целосно го

таа причина, не е само можност на мислата да го сфати светот во неговата надворешност и непредвидливост, туку и позицијата на филозофот. Насловите на вести се она што Хусерл го нарекува временски објекти, а по него, Стиглер критички го нарекува терцијарно задржување.[6] Временски објекти се формираат во текот на времето што се совпаѓа со „монтажната свест". Тоа игра значајна улога во „индустриската темпорализација на свеста".[7] Несомнено е дека насловите играат улога во медиумската контрола на свеста на јавноста, иако не ја исклучувам можноста за ослободувачки

напушти „корелационализмот" во својот есеј *По конечноста*, во друг есеј ја препознава неможноста за бегство од „смислата". Види: Мејасу, „Итерација, реитерација, повторување: Шпекулативна анализа на бесмисленият знак", архивирано на 19 октомври 2013 година, во Wayback Machine Freie Universitat Berlin, 20 април 2012 година.

[6] Би сакал да укажам на употребата на концептот на „временски објект" како што потекнува од „континуирана функција", концепт измислен од Карл Вајерштрас. Додека студирал математика со Вајерштрас во 1878–1880 година на Универзитетот во Берлин, Хусерл се заинтересирал за овој концепт. Континуиран објект е геометриски објект (топос) кој непрекинато функционира во просторот, во тополошки континуум. За Хусерл оваа континуирана функција е „сега" или „временски објект".

[7] Едмунд Хусерл го смислил терминот „временски објект" за да покаже дека „објектот на истражување" (намерата на свеста насочена кон објектите на светот) е временска состојба на самата истрага. Оваа временска состојба создава услови за постоење на временски објект, кој дава „впечатливи докази". Свеста е намерата на субјектот; временскиот објект е интенционалноста на светот. Оваа идеја е развиена од Бернар Стиглер, кој го применува поимот временски објекти во неговата критика на техничката „индустриска темпорализација на свеста под притисок на хипериндустријализацијата". Стиглер е критички ангажиран во читањето на Хусерловиот поим за временските објекти. Види: Бернар Стиглер, *Техники и време 1*, University of Stanford Press, 1998.

аспект на ситуацијата. Во таа ситуација, употребата на одредена форма на знаење преку артикулација на јазикот создава „фармаколошки ефект“, кој е и отров и лек. Од овој аспект, „насловите“ се интересни за критиката и евентуалната преартикулација во нивната читливост. Со насловите, и разбирливото и разумното се во мирување, во позиција да бидат без ситуација, како *Чекајќи го Годо*.[8]

Медиумскиот начин на одвраќање од светот на разбирливоста и сензитивноста со интелигентни средства е тој што предизвикува губење на разумот. Меѓутоа, при ова губење на причината, можна е и поправка на причината. Кога читаме наслови гледаме отсуство на разум, што е присутно во непосредноста и моменталноста која може да се отфрли или прескокне како нешто премногу привремено, но може да се развие и драматуршки како во филмот на Орсон Велс, *Граѓанинот Кејн*.[9] Мојот личен уметнички и филозофски интерес произлезе од мојата анализа на овој филм, која се најде во веќе споменатата есеистичка инсталација насловена како *Наслови итн*. Инсталацијата се осврна на наративните процедури на глобалните вести и на

[8] Тоа е упатување на насловот на драмата на Семјуел Бекет напишана во 1948 година.

[9] *Граѓанинот Кејн* на Орсон Велс (1941) е првиот филм кој не само што ја доведува во прашање доминацијата на вестите преку насловите, туку и филм направен како наслов.

можноста од нив да се создаде драматургија поинаква од сценариото на медиумите.

Потребна е храброст да се признае дека во позиција на „да се биде без“, единствената можна артикулација е повратното прашање поставено во техниките, а тие техники секогаш се веќе полни со потенцијал за формирање нов јазик. Како во една многу радикална филозофска теза на Стиглер на која постојано се осврнувам: „техниката ѝ претходи на мислата“.[10] Постои можност да се изведе некаква смисла за состојбата на мирување со задржување нов начин на размислување од јазикот. Не велам дека јазикот треба да се земе како основно прашање како во аналитичката филозофија или неговата моќ да формира структури како во континенталната филозофија, туку јазикот како техника која објаснува техники што ѝ претходат на мислата и го предвидува она што може да се запамети. Техниките треба да се сфатат како еден вид инокулација, бидејќи таа дополнително создава фармаколошки ефекти. Јазикот не е само моќ да се зборува; тој е и моќ да се објасни. Делумно затоа што јазикот од самиот почеток е артикулација на колективната меморија и таа колективна меморија е „всадена“ во субјектот уште од самиот почеток кога некој ќе почне да

[10] Стиглер, 1998.

зборува, па во говорот и субјектот и објектот се неразделно поврзани. Како Алтусер, кој го развил својот поим за идеологија инспириран од теоријата на Лакан, мислам дека овој конкретен аспект не треба да се заборави кога се размислува за интеракцијата на „личното“ со „јавното“. Преку колапсот на личното со јавното, самата контрола е интернализирана и „субјектите зборуваат сами по себе“.[11] Разбирањето на моќта на идеолошката контрола преку јазикот на медиумите е чекор кон ослободување на субјектот. Ова разбирање, исто така, го вклучува и тоа дека единечната ознака треба да биде и повторлива и обновлива како ознака, затоа што секоја единствена ознака е израз на повеќе значења. „Граматикализацијата“, ако го употребиме терминот на Стиглер, на задржувањето на меморијата реартикулирано во тие повеќекратни значења, е задача на „читањето“.[12]

„Граматикализацијата“ е „техничка историја на меморијата“, во која хипомнезата наизменично ја ревоведува

[11] Луис Алтусер, „Идеологија и идеолошки државен апарат“ во *Уметноста во теорија, 1900 – 2000: Антологија на променливите идеи* (уредници Чарлс Харисон и Пол Вуд), книгоиздателство Блеквел, 2002, стр. 953.

[12] Бернар Стиглер го објаснува својот поим „граматикализација“ и неговата улога во техничката историја на меморијата. Види: Бернар Стиглер: „Меморија“, во *Критични термини за медиумски студии* (уредници В. Ј. Т. Мичел и Марк Хансен), University of Chicago Press, 2010, стр. 64-87.

конституцијата на тензијата во рамки на анамнезата. Бидејќи индустријализираната меморија може да се разбере како јазик, граматикализацијата е чин на реартикулација на исчезнатата димензија на времето. Техничката историја на меморијата создава различни нивоа или степени на меморија. Бидејќи историски меморијата е екстериоризирана со различни средства почнувајќи од „пиктографско пишување“ до неодамнешната употреба на „емоџи“, и граматикализацијата е нивна рекласификација во лингивстичка смисла.

Преку граматикализацијата, читањето на насловите ја следи логиката на инклузија/ексклузија, но и можноста да се стане дел од пораката што недостига во нив. Тоа го креира и миметичкиот аспект на читањето и создавањето на она што следува по имитацијата. Таа критичка „мимодрама“ е важен чин на станувањето свесен за „тајната“ работа на идеологијата во медиумскиот дискурс.[13] Историски гледано, по нивното прво појавување во весниците, насловите биле усвоени од уметниците од раната авангарда. Набргу потоа, медиумите го усвоиле уметничкиот елемент за да ја прошират својата „палета“ со внесување на естетската ди-

[13] Жак Дерида, *Зборник на Дерида; Помеѓу завесите* (уредник Пеги Камуф), Columbia University Press, 1991, стр. 172.

мензија во политичкиот простор на насловите. Оттаму почнува „естетизацијата на политиката“, што веднаш било забележано од Бенџамин.[14]

Уметноста од почетокот на 20 век, како, на пример, кубистичките слики или дадаистичките колажи, користела наслови за да ја прикаже артикулацијата на јавните вести во доменот на индивидуалното искуство. Насловите го усвоиле тој чин заради неговиот увид, што било приказ на целосен колапс на поединецот во искуството на колективната или поточно јавната свест, каде што идеологијата е впишана во искуството на секоја личност. Тоа искусување на „шокот од вестите“ е задржување на „шокот од новото“ што порано го велеле за современата уметност.[15] При декодирање на насловите, јазикот помага да се добие појасна претстава за вистинската функција на медиумите, кој денес ја игра улогата на хегемонија, брзо заменувајќи ги и влијаејќи врз уметностите.

Уметноста често го имитира чинот на медиумите за појавување во насловите. Медиумите позајмуваат од умет-

[14] Валтер Бенџамин, *Илуминации,* Пимлико, 1999, стр. 234.
[15] *Шок од новото* е документарна телевизиска серија од 1980 година, напишана и претставена од Роберт Хјуз и продуцирана од *Би-би-си*. Книгата од серијата е објавена во 1980 година од *Би-Би-Си,* под наслов *Шок од новото: уметност и век на промени*. Повторно е објавена во 1991 година, од Темс и Хадсон.

носта, литературата и најрадикалните структури на филозофијата, внимателно избегнувајќи го нивниот критички контекст. На пример, семиотиката, која првично настанала за критичко разбирање на уметностите од страна на радикалните мислители, стана основен јазик на медиумите. Тоа, се разбира, го прави прашањето за разбирањето уште покомплексно, но сепак можно. Земајќи ја комплексноста како реалност на нашето време, таа можност е и шанса и избор да се избегне глобализираната контрола врз желбите на јавноста. Дефиницијата на режимот на пресметување (сложеност до сложеност) дефинирана од Н. Кетрин Хејлс е алтернатива на класичната метафизика (едноставност до сложеност).[16] Таа сложеност дезориентира, од една страна, и насочува кон кодирање/декодирање, од друга страна. Додека се среќаваме со наслови на вестите, секогаш има потреба да се истражува природата на самото дело и да се разбере идеолошката основа на медиумот како дело.

Насловите го поврзуваат нашето секојдневно искусување на реалноста со настани преку нашите гаџети и уреди. Во овој свет на хиперпатување и постојано поврзување со наплив од слики, самиот свет е достапен како

[16] Н. Кетрин Хејлс, *Мајка ми беше компјутер: Дигитални предмети и литературни текстови*, The University of Chicago Press, Чикаго, 2005, стр. 15.

наслови на вести. Тоа прави нашата планета да изгледа како колаж. За современата личност, која живее во ерата на сликата, насловите даваат компресирана слика на настаните. Тие компресирани слики се развиваат во фетишизирани форми на субјективност кои ја наоѓаат својата основа во географски, културни и идентитетски ориентирани стереотипи, внимателно кодирани во наслови. Насловите содржат шифри и кодови за тоа што се случило во кратки реченици или, уште подобро кажано, според Рансиер, во „реченици-слики“.[17] Овие „реченици-слики“ не само што ги информираат луѓето туку и веднаш ги враќаат до примарниот импулс. Тоа враќање не е едноставно – може да создаде јасен одговор за некои или да биде сложувалка за многумина. И според Монтањ, сликите постојат на ист начин:

> Ние не се движиме во една насока, туку талкаме напред-назад, вртејќи се сега вака и сега онака. Се враќаме во нашиот колосек (...). [18]

[17] Жак Рансиер, *Иднината на сликата* (преведено од Грегори Елиот), Версо, Лондон, 2009.
[18] Мишел де Монтењ цитиран во Андреј Тарковски, *Скулптура во времето: Рефлексии на киното* (превод Кити Хантер-Блер), University of Texas Press, Остин, 1998.

Тарковски, размислувајќи за таа мисла на Монтењ, вели:

> Оваа мисла ме потсетува на моите размислувања за летачките чинии, хуманоидите и остатоците од неверојатно напредна технологија пронајдени во некои древни урнатини. Тие пишуваат за вонземјани, но мислам дека во тие феномени се соочуваме со самите себе; тоа е нашата иднина, нашите потомци кои патуваат во времето.[19]

Откако техниката ќе поттикне мисла, одредена идеја за реалноста прво се појавува во мозокот, а потоа се проектира кон надвор, се апсорбира во меморијата, се меморира во слики, а потоа повторно се проектира како што тие се снимени од технологијата. Така реалноста се создава со нереални средства и се дефинира како трансчовечка и постојано мигрира во различни правци како во насловите на вести. Во насловите што ја формираат „реченицата-слика“, еден настан му претходи на друг, додека она што следува неочекувано го нарушува она што било претходно. Реалноста се заменува со внимателно кодирана реченица – слики и

[19] Андреј Тарковски, *Вајање во времето: Рефлексии за киното* (превод Кити Хантер-Блер), University of Texas Press, Остин, 1998.

наслови кои содржат траги од настани што се случиле или кои никогаш нема да се случат.

Секој наслов е хиперреална симулација на фантазијата на јавноста за изгубената уметност, која директно му зборува на гледачот без никаков коментар. Самите наслови се коментари. Од една страна, коментарите нудат алтернатива на мејнстрим перењето мозок, а од друга страна:

> (...) коментарот е најголемата светска велесила: човек се губи под изјави за намери, дипломатски анализи и интерпретативни биографии. Коментарот стана еден вид ѕвездена личност. Но тој е, исто така, огромна сила на заплашување и стандардизација: Коментарот (давањето) е – Како да (се) стиши – она што им бега на претходно поставените идеи.[20]

Во таа смисла, насловите се програмирани. Во ерата на глобализацијата, тоа е заедничка карактеристика на секое дело; програмите ја заменија дихотомијата „субјект/објект“ со временски објекти, што ја индустријализира свеста. Она што човек треба да го научи е да ги „чита“, да ја разбере двосмисленоста на насловите, и можноста да ги претвори во

[20] Годар, Жан-Лик: „На 11 септември“. <http://kinoslang.blogspot.com/2009/03/godard-on-september-11th_18.html>

нечиј репертоар преку граматикализирање. Рускиот/советскиот футуристички писател Сергеј Третјаков, во својот краток текст насловен *Биографија на еден објект,* многу убедливо опишал како објектите влегуваат во субјектите и создаваат некаква меѓусебна читливост.[21] Неговите идеи се појавиле како дел од таканаречената „војна со романот“, спротивставувајќи го фотографскиот наратив со наративот на романот. Затоа раните авангардни романи биле отфрлени како психолошки машини во кои субјективноста и афектот преовладуваат за сметка на објектите и објективноста. Како што пишува Третјаков, „во романот водечкиот јунак ја проголтува и субјективизира сета реалност“.[22] Сепак, биографијата на објектот е моќен алтернативен метод. Во тој метод:

> (...) не личноста која се движи низ систем од објекти, туку објектот кој се движи низ систем од луѓе – за литературата ова е методолошкиот уред што ни изгледа попрогресивен од оние на класичните убави писма. Меѓутоа тука има нешто поважно од жанрот и заплетот, а

[21] Текстот се базира врз говорот одржан во Германија, во 1931 година, кога Сергеј Третјаков дошол по покана на неговиот пријател Бертолт Брехт. Валтер Бенџамин бил присутен на тоа предавање и подоцна го цитирал Третјаков во својот познат есеј *Авторот како продуцент,* во Валтер Бенџамин, *Илуминации*, Пимлико, 1999.

[22] Сергеј Третјаков, „Биографија на стварите“, *Октомври*, 118 / Есен 2006, стр. 57-62.

тоа е прашањето: што е овозможено со новиот пристап фокусиран на објектот.[23]

Преку раскажување приказна за некој објект, се откриваат социјални односи кои се кријат зад нејзиното создавање и консумирање. Тоа прави биографијата на објектот да изгледа како нов тип наратив во кој приказната за објектот станува приказна за луѓето што ја создале, давајќи приказ на социјалните односи што ги обликувале. Биографијата на објектот има извонреден капацитет да инкорпорира човечки материјал. Субјектите доаѓаат во контакт со објектот преку своите социјални аспекти и создавачки вештини, каде што „индивидуалните и посебните карактеристики на луѓето веќе не се релевантни“.[24]

Пишувајќи во раниот период на Советската Република, овој посветен револуционерен писател, без самиот да го сфати тоа, ја предвидува доминантната моќ на медиумите, кои го формираат својот јазик или, поточно, лингвистиката каде што „индивидуалните и посебните карактеристики на луѓето веќе не се релевантни“. Насловите се таква „јазична категорија и на оваа лингвистика не ѝ е потребна граматика“, па од таа причина, насловите се семан-

[23] Исто.
[24] Исто, стр. 57-62.

тички отворени реченици. Таа „отвореност“ за некои е либерален пристап, но кај други отвора сериозни прашања. За оние кои сакаат да избегнат да бидат контролирани, неопходни се одредени металингвистики, како што е граматикализацијата, за да се „завршат“ тие семантички нецелосни реченици за да се избегне доминација на пораката од медиумите. Во горенаведениот текст, давајќи ја привилегијата на репродукција за нејзиниот потенцијал за понатамошна индивидуализација, Третјаков, на начин својствен за неговото време, сакал да раскине со минатото. Инспириран од овој текст на Третјаков, но преокупиран со прашањето за репродукцијата во фармаколошка смисла, (т. е. отровот како лек), Валтер Бенџамин посветува внимание на важноста на написите придружени со слики како наслови уште кон крајот на 19 век, проблематизирајќи го притоа нарушувањето во автономијата на знакот. Написите имале за цел да ја забавуваат публиката раскажувајќи ѝ „вистински“ приказни, од една страна, и да ја контролираат јавната свест, од друга страна:

> (…) во исто време, списанијата со слики почнуваат да поставуваат патокази за гледачот, без разлика дали се

исправни или погрешни. За прв пат, натписите станаа задолжителни.[25]

Тие написи, кои денес се наслови, не мора да се додаваат на ниту една слика и можат да се создаваат само како текст.

Бидејќи фикцијата создавана од медиумите е толку убедлива во поголемиот дел од времето, останува неоспорна за „поствистинскиот“ свет на насловите. Со прифаќање на фикцијата како медиумската „вистина“ и преку редовни повторувања, фикцијата влегува во животот на поединците. Фикцијата го заменува „реалното“ и нема потреба да се гледа реалното во слики, што обично е доказ за времето. Насловите составени од реченици ја апсорбирале сликовитоста на сликата и станале реченици. Секоја слика е „реченица-слика“ и слика-текст, меѓутоа секој текст, на ист начин, е слика. Ова интертекстуално менување прави реченицата-слика да функционира како индекс. Реченицата-слика е индексот, кој содржи меморија, а дискурзивното читање на меморијата со граматикализација може да стане алтернативен јазик.

[25] Валтер Бенџамин, *Илуминации*, Пимлико, 1999: 220.

Претворајќи ги информациите во секојдневна навика, насловите стануваат техничка слика на информацијата. Декодирајќи го она што е кодирано во нив со мајсторството на декодирач, се спојува очигледното со необичното држејќи се за фрагментот, во една реченица или реченица-слика. Читањето е држење до фрагментот и влијае врз овие реченици една по друга, што ќе го преведе непреводливото во нечиј репертоар со мало навраќање, *ritornelle,* што прави голема разлика низ степените на меморијата.[26] Читањето наслови зависи од степенот на меморија или од различните нивоа на паметење и заборавање. Треба да се запамети дека „медиумите како технологија систематски нарачуваат спомени“.[27] Таа нарачка не завршува со целосен крај, бидејќи идејата за она што Дерида го нарекува „разлика“ опстојува.[28] Разликувањето и одложувањето на настанот на „читање“ дело, функционира различно во зависност од степенот на меморија. Овие читања обезбедуваат различни репродукции. Репродукциите, каде што „*ре*“ е имитација, додека „*продукција*“ е отворено дело, даваат

[26] *Ritournelle* (*ритурнел*) е терминот позајмен од Делез и Гатари. Види: Гилс Делез и Феликс Гатари, *Илјада платоа* (превод Роберт Харли; Марк Сем; Хелен Р. Лејн), Минеаполис, University of Minnesota Press, 1987.
[27] Стиглер, 2010, стр. 64-87.
[28] Жак Дерида, *Зборник на Дерида; Помеѓу завесите* (уредник Пеги Камуф), Columbia University Press, 1991.

можност за различно елаборирање од нивната употреба во медиумите.

Речениците-слики се остатоци од времето и тие се имитации како елаборација на исчезнатата димензија на времето. Таа димензија на времето може да се открие на друго место и идеолошкиот простор на насловите на вести не е исклучок. Насловите се имитација на остатоците од слики. Додека ја заменуваат меморијата од слики во главите на луѓето, насловите на вести нудат реченица-слика која ја игра улогата на „сеќавање на нешта од минатото“ на пруст-ијански начин. На ист начин, и за да се избегне заборавот, кодирањето/декодирањето на овие наслови е потенцијалот за секој поединец кој сака да ја разбере „суштината“ на веста. Спојувањето на сликите на медиумите со сликите на уметноста, на природниот јазик со медиумскиот јазик, води до перцептивна размена, што е симболична размена на меѓусебни имитации. Со сеприсутната употреба на техно-логии, секоја перцептивна размена е имитациона.

Овде степените на меморија, со други зборови, сеќавањето и заборавањето, слепото верување и амбива-лентното заборавање, се спротивставуваат на секаква форма на контрола, оставајќи му притоа избор на поединецот кој сака да стане личен уредник на наслови додека ја репро-

дуцира техниката *derushage* (груба монтажа) како механизам на имитација. Усвоена од процесот на монтажа во постпродукцискиот процес, derushage (брзина на видеото), како што е прикажано во делото на Бернар Стиглер, е можност да се запамети првичното значење на информацијата и да се направи смисла за тоа што се открива на почетокот и за одредената крајна точка.[29] Текстот е одлично парче „derushage“ кое покажува како читањето на текстот е истовремено пишување, што значи дека читањето друг автор значи да се преведува истото во нечиј репертоар. Тоа се одвива во моментот на привремена неупотреба на јазикот од страна на медиумите. Овој аспект е клучен за „читањето наслови“. Читањето како пишување е имитација. Имитацијата влегува во учеството на едниот во другиот, како „дел од кој не е дел“.[30]

По одреденото искуство на стекнување сознанија за идеологијата при потсетување на „вестите“, што ја мотивира имагинацијата на субјектот, чинот на читање поттикнува двојно навраќање и пробивање на бинарните кодови. Во тоа навраќање, пробивањето кодови создава разлика меѓу внат-

[29] Бернар Стиглер, *Техники и време 3: Кинематичко време и прашањето за слабост* (превод Стивен Бејкер), Стенфорд, Калифорнија, 2011, стр. 27.
[30] Жак Рансиер, *Дистрибуција на разумното: естетика и политика* (превод Габриел Рокил), Континуум, Лондон и Њујорк, 2005.

решното и надворешното, меѓу неспособноста и експертизата. Чекањето нешто да се случи, со примање на значењето, го потврдува непосредното присуство на отсутното. Меѓутоа тоа отсуство се „пренесува“ преку растојанието, цртичките и точките на информациите кодирани во веста. Се чека да се открие пораката, која може да биде декодирана или не, и тоа очекување е враќање на значењето кое исчезнало заедно со медиумската тенденција за исклучување.

Можното читање ситуации и идеи се имплицитни во работата на медиумите и артикулирани во наслови. Во ова четиво, насловот може да се повторува како ознака, бидејќи секоја ознака во еднина е израз на повеќе значења. Ова мноштво значења создава голема економичност на сведување на ознаката на сингуларност, но и на многу различни форми. Тоа е, исто така, затоа што, ако постои сингуларност, тоа е сингуларноста направена за сметка на присилното означување само за инстант употреба. Ова е она што Хусерл го нарекол „нецелосно означување“.[31] По употребата, таа единствена ознака станува празна и отворена за многу различни толкувања и шпекулации. Но постои уште една важна работа што го прави чинот на читање многу

[31] Жак Дерида, *Зборник на Дерида; Помеѓу завесите* (уредник Пеги Камуф), Columbia University Press, 1991, стр. 190.

невообичаен. Тоа е амбивалентната имитација, мимодрама, која помага за целосно разбирање на текстот без никакви јазични предрасуди. Тоа е надминување на границата на самиот јазик, која се појавила во границите на говорот, што му претходи. При тој прекршок, преминот од јазикот кон метајазик се одвива преку граматикализирање, со тоа што станува целосно свесен за „вистинското“ значење на пораката на идеологијата. Со други зборови, тоа е чин на откривање на исчезнатата димензија на времето, *ritournelle*, мало враќање кое прави голема разлика.

Слично на тоа, читањето на насловите преку двојната негација, внесувајќи притоа во негативниот медиумски простор позитивен дијалектички ангажман преку фармаколошкиот ефект, го поправа недостатокот. Недостатокот е во тотално раздвојување што ги отуѓува субјектите кои се оддалечуваат од секаков вид политика. Опасноста е дека со тоа се станува предмет на контрола од страна на доминантната политика. Да се избегне тоа и да се преземе контрола врз себе е *ritournelle* во мирување; каде што неупотребениот јазик може да се поправи со друго читање. Оваа можност е алеаторната моќ создадена првично во расцепот меѓу говорот и јазикот, меѓу зборот и контекстот, а се појавува во пресекот меѓу зборот и сликата.

„Пресекот“ е елаборирaн со технологија за преносот на наслови на вести на далечина. Тоа е елаборирано од мешањето на „уредниците“ со „сечење и мешање“. Оваа алеаторна моќ овозможува читање на далечина на медиумската порака со критика и задоволство. Димензијата на времето која фали, вратена на своето „место каде фали“ не значи ништо, едноставно го заменува недостатокот. Недостаток на негативност што се наоѓа во афирмативната моќ на „прифаќањето“ кое го заменува негативното. Но самата таа замена е меморија доведена на друго ниво. Тоа ниво е ниво на ослободување од конфузија, бидејќи:

> (...) имитацијата (...) отсекогаш го прекинува природното изобилство, кое мора да биде дискурс; таа отсекогаш го разбранува присуството во разликата.[32]

Суспендираното значење дополнително се реартикулира во чинот на читање на насловите, како разводна табла која поврзува различни времиња и места преку цитатите, што ги намалува пролифериранитe значења на нејзината шема. Во таа „шема“, самата информација станува генеричка. Светот е шематски претставен како примање пораки и секое живо суштество е уникатен сигнал.

[32] Жак Дерида, *Зборник на Дерида; Помеѓу завесите* (уредник Пеги Камуф), Columbia University Press, 1991.

Значењето е сложена разводна табла, патека за пренесување сигнали напред и назад. По својата природа, значењето е менување на секоја перспектива со која се соочува, и истовремено менување на неговата перспектива. Во исто време, значењето, исто така, се поместува преку трансформирање на размената заснована врз продукцијата во продукцијата регулирана со размена. Во овој момент, значењето не мисли ниту суди, туку се ограничува да ѝ даде нова форма на размената. Субјектот и објектот се судираат и судирот станува хегемонска сила која ги артикулира разликите во синтаксата на секојдневната реалност преку нецелосни реченици, што води до нејзината читливост. Читањето како техника ѝ претходи на мислата која се случува при мирувањето на технологизираната слика на информацијата.

Мислата *е* димензијата на времето која недостасува, што е неразделно од техниката, а појавата на мислата е настан на откритие. Додека се читаат наслови, се чека пристигнувањето на настанот, што може да се прифати како двојна негација. Прифаќањето на веста, откривајќи ја потенцијално читливата содржина и прифаќањето, колку што е читањето меѓу редови, ја прави веста читлива поинаку од пораката што доминира кај читателот. Оваа афирмација се спротивставува на доминацијата на медиумите, заради от-

кривање на исчезнатата димензија на времето и нејзина понатамошна граматикализација.

Тој чин, според горенаведените зборови на Хегел, „го ориентира односот на некој човек кон светот (...) според тоа што е светот“.[33] Човек може да го знае само она што може да го прави со репродуцирање, при што правењето и размислувањето се нераскинливи делови од граматикализацијата. Граматикализацијата на она што недостасува, како чинот на читање при кодирање/декодирање наслови, што води наназад и напред од баналниот простор на медиумите до спојување на различни степени на меморија, е елаборирање на недостатокот. Читањето наслови е нејасната онтологија која ја привилегира нецелосноста како услов на сопственото создавање, различно од наметнувањето на медиумите на нивната „совршеност“ во природната состојба на нецелосност.

2019 – 2024, Венеција/Лондон

[33] Хегел, 2000.

Превод од англиски:

Татјана Дуганова

Zeigam Azizov

Headlines as Hieroglyphic Scripts

This text was first written as a part of my multi-media installation made for the Venice Biennale in 2019.[1] Conceived as an essay installation, this piece consisted of two films, a wall text and images of the 'social media' referring to the proliferation of images which bring confusion to the world awash with images of the media and with news headlines being a key to the understanding.

This key plays a double-edged role; for people who can read between the lines it opens up a new meaning, for others it just works as a piece of information. Yet, the information is a formula of knowledge. Headlines are hieroglyphic scripts. The phrase 'hieroglyphic script' is appropriated from Adorno who defines it as follows:

> As an image this pictographic language is the medium, of regression in which producer and consumer collude; as writing, it displaces the archaic images of modernity.[2]

[1] For more information see: www.zeigamazizov.com
[2] T. W. Adorno, "The Schema of Mass Culture", in *The Culture Industry,* Routledge, 1991.

What are these ‘archaic images of modernity’? These images are understood as supplies and may be understood from different angles. I will explain below how these ‘archaic images’ as supplies provide the possibility to read between the lines and not to be dominated by the information flux created by news. Information is understood as a formula of knowledge, as already mentioned above. This idea is the core of the whole project, including this installation.

In this sense *Headlines etc.* is an artistic/philosophical response to a hyper-real global hysteria created by the media industry and taking place elsewhere on the TV, the Internet and the cinema and rapidly replacing everything ‘real’ for the ‘virtual’. It is also a pioneering piece in the genre of essay installation, the genre most suitable for the epoch of endless translations.

Largely using essay as a form (textual and visual) this work addresses the media domination and a complex relation between images and time through the narrative procedure, i.e. stories about the production of images, that seems to motivate the culture industry more, than images themselves. It involves a paradigmatic study of linguistic structures, such as morphology and semiotics as well as the global transformation of languages within the industrial temporalisation of consciousness and

memory. Captured at the flashing up of the conflicting borders between the visual and the textual, headlines play the role of pharmacology, the poisonous remedy, both brainwashing and eye-opening at the same time.

Spread on five walls, reminiscent of Sol Lewitt's open cubes, this audio-visual-textual installation is based on a mixture of ideas from philosophy, art and cinema. News stories, e-mail exchanges and commentaries are juxtaposed to form a cinematic scenario and brought together as a film and personal broadcasting to create the dramaturgy of the subject.

It includes references to the film by Orson Welles' Citizen Kane and James Joyce's style of hypertext consisting of cross-references, neologisms as well as philosophical and scientific terms, such as 'a fuzzy logic' by the Azeri scientist Lotfi A. Zadeh. The installation is accompanied by the soundtrack including a piece by Baku-based composer Isfar Sarabski and a specially commissioned piece by London-based musician and philosopher Matthew Hyland.

Reading Headlines: the narrative procedures of the global media

Every morning Hegel read newspapers and later applied them to his complex philosophy through the prisms of the fresh headlines in lectures. Commenting on this Hegel wrote:

> Reading the morning newspaper is the realist's morning prayer. One orients one's attitude toward the world either by God or by what the world is. The former gives as much security as the latter, in that one knows how one stands. [3]

He realized the role of the news as a powerfully externalized collective memory through the stereotypes that became the common culture with an impact on the 'individual'.

